


# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН


















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# СОЛИДАРНИОТ ДУХ НА КАРПОШ

По повод одбележување на „Националниот ден на служба“ денеска, Амбасадата на САД и Црвениот крст на Град Скопје организираа крводарителна акција и акција за собирање на прехрамбени продукти и облека. Кон оваа хумана акција која се реализира во соработка со Црвениот крст на град Скопје и со Институтот за трансфузиологија, се приклучи и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој донираше финансиски средства, облека и прехранбени производи.

Националниот ден на служба и сеќавање се одбележува од 2002 година во чест на жртвите, преживеаните и сите оние кои помогнаа во справувањето со последиците од нападите на 11 септември. Во 2009, Конгресот на САД усвои сојузен закон, поддржан од двете партии, со што го прогласи 11 септември за Национален ден на служба и сеќавање.



## ЗАМЕНА НА АЗБЕСТНИ ПОКРИВИ ВО ТАФТАЛИЦЕ 2

Жителите на ул. Бањалучка бр.13 (нас. Тафталице 2), ќе добијат нов покрив на својот индивидуален станбен објект во должина од 172 м2. Досегашните дотраени салонитни азбестни табли ќе бидат заменети со висококвалитетен бел ребраст лим, кој за нив го донираше Општина Карпош. По тој повод денеска, градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, направи увид во градежните работи на оваа локација.

-Овој проект кој го реализира локалната самоуправа за поддршка на карпошани за менување на азбестните покриви на станбените објекти, е единствен проект од ваков вид, не само во Македонија, туку и во Европа. Конкретно набавката на новиот лим за оваа куќа ја чинеше Општина Карпош околу 75.000 денари. Оваа иницијатива е само уште еден доказ за извонредната соработка која функционира меѓу граѓаните и Општина Карпош. – истакна Јакимовски.

Првиот човек на Општината посочи дека новиот лим ги задоволува современите градежни стандарди, што во моментов се применуваат ширум светот и затоа, локалната самоуправа планира да ги замени сите азбестни покриви на своја територија до 2020 година.

-Ова е веќе 37 куќа кај која се реконструира стариот покрив од средства кои ги обезбеди нашата Општина. Досега со наша помош беа променети покривите на 14 колективни станбени објекти. Имено, ние ги покриваме трошоците за набавка на лимот, хоризонталните олуци, ветер-лајсните, слемето и опшивките околу оџаците и вентилациите. Граѓаните обезбедуваат средства за работна рака и го бираат изведувачот на градежните активности – додаде градоначалникот Стевчо Јакимовски.



# РЕКОНСТРУИРАНО ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО КАРПОШ 4

Деновиве Општина Карпош целосно го реконструираше детското игралиште кое се наоѓа помеѓу бул.Партизански Одреди и ул.Волгоградска во населбата Карпош 4, поставени се нови тобогани, лулашки, клацкалки и нова ограда.





# ЗАПОЧНА УЧИЛИШНИОТ ТУРНИР ВО ОДБОЈКА НА ПЕСОК ВО КАРПОШ

Денеска во СЦР „Никола Карев" започна дводневниот турнир во одбојка на песок за девојчиња, во кој учествуваат ученичките од осум училишта кои се наоѓаат на територија на Општина Карпош. Денешните квалификации ќе одредат, кои екипи ќе се сретнат во финалето кое ќе се одржи в четврток. Во организација на Одделението за спорт при Општина Карпош, денеска се одиграа елиминационите натпревари, на кои беа постигнати следниве резултати:

ООУ Христијан Тодоровски Карпош " славеа против своите ривали од ООУ „Јан Амос Коменски "со резултат 2:1, ООУ „Лазо Трповски" беа убедливи против своите соперници ООУ„Аврам Писевски" со резултат 2:0, ООУ„Војдан Чернодрински" славеше против ООУ„ Петар Поп Арсов" со резултат 2:1 и ООУ „ Владо Тасевски" славеше со идентичен резултат 2:1 против ООУ „Димо Хаџи Димов".



# БЕСПЛАТНИ ИЗЛЕТИ ЗА ОСНОВЦИТЕ ОД КАРПОШ

Околу 365 ученици и 36 наставници од ООУ „Лазо Трповски“ утринава заминаа на бесплатен еднодневен есенски излет во излетничкото место во с. Кучково. По тој повод градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски денеска ги испрати основците, им посака среќен пат и убав престој на оваа излетничка дестинација.

Почнувајќи од вчера, учениците од сите десет основни училишта од Општина Карпош, ќе одат на еднодневни излети на повеќе излетнички места на територија на град Скопје. Оваа активност локалната самоуправа ја спроведува со сопствени буџетски средства, како дел од програмскиот проект „Бесплатни излети за учениците од прво до седмо одделение“-есен 2017. Оваа иницијатива се реализира во рамки на Програмата за образование при Општина Карпош за 2017 година.



# ПОЛУФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ НА ТУРНИРОТ „ФУДБАЛ НА ПЕСОК"

Денеска на на терените на кејот на реката Вардар, поточно на спортските терени на Градската плажа се одиграа полуфиналните натпревари од турнирот „Фудбал на песок" со следниве резултати:

ООУ„Димо Хаџи Димов" против ООУ„ Лазо Трповски" со резултат 1:0 и идентичен резултат на натпреварот помеѓу ООУ„Братство" и ООУ„ Јан Амос Коменски ". За третото место ќе играат екипите на ООУ„ Јан Амос Коменски " против екипата на ООУ„ Лазо Трповски".

Денеска (14.09.2017) во финалето ќе играат екипите ООУ„Димо Хаџи Димов" и ООУ„Братство".



# НОВА ГРАДИНКА ЗА МАЛИТЕ БАРДОВЧАНИ

Со поставување на камен темелник, денеска градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, свечено ја најави изградбата на новата детска градинка во населбата Бардовци. Оваа претшколска установа ќе биде лоцирана во рамките на училишниот двор на ООУ „Аврам Писевски“ и ќе зафаќа површина од 521 м2. Вкупната вредност за изградба на овој капитален објект изнесува близу 24.000.000 денари, од кои 7.300.000 денари се обезбедени од ИПА програмата за општински рурални инвестиции, преку Министерството за финансии на Р.М. Останатите средства, односно 16.700.000 денари од својот буџет ги обезбеди Општина Карпош. Изведувач на градежните работи ќе биде фирмата „Конструктор“.

-По скоро две и пол години во соработка со Светската банка и ИПА програмата, Општина Карпош доаѓа до овој камен темелник каде што градиме градинка за нашите најмали жители од населбата Бардовци. Со ова ја прошируваме мрежата на детски градинки во нашата општина, како што го направивме тоа со изградбата на предучилишната установа „Пролет“ во Козле - истакна Јакимовски.

Првиот човек на Општината потсети дека ова е единаесетти објект кој го гради локалната самоуправа и напомена дека догодина Општина Карпош ќе продолжи со изградба на детски градинки во населбите Злокуќани, Нерези и Влае 2.

-Со тоа, секоја урбана заедница во Општина Карпош ќе биде покриена со детски установи, така што родителите ќе ги згрижат своите деца во градинките кои функционираат во месноста во која што живеат – додаде градоначалникот Стевчо Јакимовски.

Градинката која треба да биде изградена за една година, функционално е организирана како симетричен објект со два тракта, со вкупно четири занимални, заеднички гардероби и тоалети. Ентериерот во целиот објект е според сите важечки градежни и архитектонски норми. Објектот ќе има капацитет за 78 деца на возраст од 2 до 6 години. Децата според возраста ќе бидат распоредени во 4 возрасни групи, и тоа: прва мала група (2-3 години), втора мала група (3-4 години), средна група (4-5 години) и голема група (5-6 го дини).



# ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“ ПОБЕДНИЦИ НА ФУДБАЛСКИОТ ТУРНИР НА ПЕСОК

Денешниот финален меч во фудбал на песок кој се одигра на терените на кејот на реката Вардар, помина во голема неизвесност, во кој основците од „Димо Хаџи Димов“ во пенал завршница ги совладаа своите ривали од ООУ „Братство“ со резултат 5:4. Натпреварот помина во динамична атмосфера со многу шанси на обете страни и израмнет резултат во постигнати голови (3:3).

Сепак влаевчани беа поконцентрирани во изведбата на пенал ударите од белата точка, по што се промовираа во нови шампиони на училишниот фудбалски турнир на песок кој го организира одделението за култура и спорт од Општина Карпош.

Во борбата за третата позиција, фудбалерите од ООУ „Лазо Трповски“ беа поуспешни од своите соперници од ООУ „Јан Амос Коменски“, совладувајќи ги со резултат 2:1. Традиционалниот турнир во фудбал на песок се одржува по четврти пат, а во него учествуваат основците од десетте училишта од Општина Карпош.



# ДЕТСКА ЛИКОВНА КОЛОНИЈА НА ПАДИНИТЕ НА ВОДНО

Под покровителство на Општина Карпош, во организација на Детскиот ликовен центар, денеска започна единаесеттата Меѓународна детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон - 2017". Учениците од десетте основни училишта од Општина Карпош, заедно со своите врсници од трите збратимени општини, Травник (БиХ), Тиват (Црна Гора) и Нови Београд (Србија), ја пренесоа на платно својата инспирација од преубавиот манастирски комплекс „Св. Пантелејмон" (Горно Нерези) и „Македонско село".

На дводневната ликовна колонија учествуваат 30 основци кои во акрилна и комбинирана акварелна техника ќе ги изразат своите уметнички импресии од околните историски и традиционални куќи. Помошник раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес при Општина Карпош, Гордана Стојчевска Зафировска ја поздрави оваа долгогодишна манифестација која е плод на пријателство и одлична соработка со збратимените општини во делот на културата и уметноста.

-Основците од Карпош, дружејќи се со своите пријатели од збратимените општини, со задоволство ја прифаќаат оваа наша културна манифестација каде сликаат, разменуваат искуства и го унапредуваат своето знаење во областа на ликовната уметност - истакна Зафировска.

Утре попладне на учесниците ќе им бидат доделени благодарници како награда за нивното учество на единаесеттата детска ликовна колонија „Св. Пантелејмон - 2017", а ликовните дела ќе бидат изложени до наредната среда (20.09.2017) во просториите на Детскиот ликовен центар (просториите на Кинотека на Македонија).



# ОДБОЈКАРКИТЕ ОД „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ ШАМПИОНКИ НА ОДБОЈКАРСКИОТ ТУРНИР НА ПЕСОК

Одбојкарките од ООУ „ Владо Тасевски“ се победнички на турнирот во одбојка на песок, кој се одржа на теренот на С.Р.Ц „ Никола Карев“. Денеска, тие во финалето, ги совладаа врсничките од „Којдан Чернодрински“ со резултат од 2-1 во добиени сетови. Вкупно осум училишта од територијата на Општина Карпош се натпреваруваа на овој турнир кој се одржува традиционално, по четврти пат. Третото место го освоија ученичките од „ Христијан Тодоровски-Карпош“, победувајќи ги одбојкарките од „ Лазо Трповски“ со 2-0 во сетови.

Вчера, основците од „ Димо Хаџи Димов“ на пенали ги победија учениците од ООУ „ Братство“ со резултат од 5-4, на фудбалскиот турнир на песок. Овој турнир се одржа на терените на кејот на реката Вардар. Во борбара за третата позиција фудбалерите од „ Лазо Трповски“ беа поуспешни од своите ривали од „ Јан Амос Коменски“ победувајќи ги со 2-1. Овој фудбалски турнир традиционално се одржува по трети пат.

Раководителот на Одделението за култура и спорт Патрик Поповски, им додели пехари и медали на првите три најдобро пласирани тимови на фудбалскиот турнирот на песок за момчиња и одбојкарскиот турнир на песок за девојчиња.

Локалната самоуправа постојано вложува во развојот на спортот, и не случајно, спортските тимови од училиштата во Карпош, освојувале бројни награди и медали на градски и државни натпреварувања.

